**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Весна Јакимовска**
**именуван за подрачјето на**
**Основните Судови**
**Гостивар и Кичево**
**ул. Никола Тесла бр. 1**
**тел. 042 221-510**

**Образец бр.29**

**И.бр.2671/24**

Извршителот **Весна Јакимовска** од **Гостивар** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Еуростандард Банка АД Скопје** во стечај , засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ број 327/19 од 02.04.2019 година од Нотар Зулфиќар Сејфулаи, и Анекс со ОДУ.бр.299/16 од 31.03.2016 на Нотар Прпарим Реџепи од Гостивар, против должникот **Еуро Компани ДОО увоз-извоз –во стечај ,Атлантик Груп ДООЕЛ експорт-импорт** Гостивар-во стечај ,за спроведување на извршување на ден 12.12.2024 година го издава следниот:

# З А К Л У Ч О К

## ЗА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со ВТОРО усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

1. Постројка за производство на Бетон-бетоњерка, производ GRADIS Словенија, тип SBA 25-750/500, која се состои од :

Рака со скрепер за навлекување на песок, количина 1 комад, GRADIS Слове год. на производство 2000 год; бетонски прегради за двоење на гранулации, кол. 6 комада, сопствено производтсво, тип прегради за 30м3 гранулат, год. на произ. 2000 год., лимени собирници за песок со разна гранулација, количина 5 комада, GRADIS Словенија, тип запремнина по 200 литри, год. на произв 2000 год., пнеуматски шибер затварачи, количина 5 комада, GRADIS Словенија, год. на произв2000 год. , собирна корпа на мерни ќелии, кол. 1 комад, GRADIS Словенија, тип запремнина по 1200 литри, год. на произв. 2000 год., челични коси водилки за корпата со погон витло СКИП, кол. 1 комад, GRADIS Словенија, год. на произв. 2000 год., дозирана пумпа со вага за дозирање вода во мешалката, кол.1 комад, GRADIS Словенија, год. на произ 2000 год;челични силоси со коси положни транспортери за цемент , кол 2 комада, GRADIS Словенија, год. на производство 2000 год;вага за мерење на цемент, кол 1 ко мад, производител GRADIS Словенија, год. на производство 2000 год;компресор за водух за активирање пнеум цилиндри, кол 1 комад, произв. ABAC тип резервоар 300 л, год. на произв.2000 год;вертикална мешалка за припрема на бетон , кол 1 комад, произв. GRADIS Словенија, тип со механизам за вртење и о тварање со год. на производство 2000 год;команден уред со програмирано производство разни бетони , кол 1 комад, произв. GRADIS Словенија, год. на произ. 2000 год;, челична конструкција со природни платформи, кол. 1 комад, GRADIS Словенија, год. на произв. 2000 год; и фундаменти за силосите , кол 1 комад, сопствен производ , произв.2000 год. со вкупна вредност од **922.500,00 денари** како почетна цена за продажба.

2. транспортно средство ,вид Работно, марка DAIMLER BENZ , тип 1619, број на шасија 38502814478461, број на мотор 4010102698, год на произв. 1979, сила на мотор 141kw, реботна зафатнина 9506 см3 со рег. Бр. GV 831 CB со вредност од **307.500,00 денари** како почетна цена за продажба.

3. транспортно средство ,видРаботно, марка MAN ,тип F2000 32.343 VF TM, број на шасија WMAT150135L014508, број на мотор 212568326052B211, год на произв. 1997, сила на мотор 250 kw, реботна зафатнина 9973 см3 со рег. Бр. GV 826 CE Со вредност од **332.100,00 денари** како почетна цена за продажба.

4. транспортно средство , Влекач, марка MERCEDES BENZ , тип 954031843LS36ACTROS, број на шасија WDB9540321K500561, број на мотор OM501LAII454192500137165, год на произв. 2000, сила на мотор 315 kw, работна зафатнина 11946 см3 со рег. Бр. GV 316 BV со вредност од **353.625,00 денари** како почетна цена за продажба.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 200001513764435 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје .

Предметите се оптоварени со следните товари: залог .

Продажбата ќе се одржи на ден **20.12.2024 год.во 10.00 часот** во канцеларијата на извршителот Весна Јакимовска на ул.Никола Тесла бр.1 во Гостивар.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија .

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од ЗИ.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат :во кругот на Железара - Скопје (ред бр. 1 и 2),с.Глумово во кругот на Планет (ред бр. 3) и во с.Врапчиште – Гостивар(ред бр. 4)

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Весна Јакимовска

Д.-на: Атлантик Груп ДООЕЛ експорт-импорт -во стечај
Еуро Компани ДОО увоз-извоз –во стечај
доверител, Архива на извршител

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од ЗИ.

x